


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО 20

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

**ЈУНИ 2025**

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во јуни 2025 година, светските макроекономски движења беа обележани со забавување на глобалниот раст, предизвикано од сè уште присутните трговски тензии и политичка неизвесност. Инфлацијата останува под контрола, но со голема претпазливост од страна на централните банки. Сепак, на пазарите постои оптимизам кој придонесе месецот да го завршат позитивно. Глобалниот индекс MSCI ACWI порасна за 4,36%, додека приносот од почетокот на годината изнесува 9,10%. Од регионалните индекси, најголем месечен раст оствари MSCI Emerging Market со 5,65%, а од јануари до јуни има највисок кумулативен принос од 13,70%. S&P 500 индексот кој ги прикажува американските акции и MSCI Asia –Pacific индексот исто така имаа солидни месечни движења од 4,96% и 4,14%, при што азискиот берзански индекс од почетокот на годината бележи висок раст од 11,97%. Единствено европскиот индекс STOXX 600 во јуни забележа пад од –1,33%, но го задржа приносот позитивен на ниво од 6,65% за првата половина од годината.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 во текот на јуни забележа пад од 0,97%, но сепак, со повисока вредност во првите шест месеци за 3,57%. Најголем месечен раст имаше Македонијатурист со 6,38%, додека Алкалоид и ТТК Банка исто така остварија позитивни приноси од 4,26% и 2,23%, соодветно. Најголеми падови во јуни забележаа НЛБ Банка со 6,35%, Стопанска банка Скопје со 5,75% и Реплек со 5,66%. Гледано од почетокот на годината, најголем раст има Макпетрол со 27,71%, потоа следи Македонија Турист со 18,34% и Македонски Телеком со 10,00%. Најголеми падови од јануари до јуни имаат ТТК Банка со 8,26% и Реплек со 9,06%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на обврзничкиот пазар забележаа благо намалување, поддржано од очекувањата за олеснување на монетарните политики на големите централни банки, особено ФЕД. Стабилната инфлација и послабата економска активност дополнително влијаеја на овие очекувања, што ја зголеми побарувачката за обврзниците како побезбедна инвестиција. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,49%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,44%



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, сите прикажани светски валути ослабнаа во однос на еврото (EUR). Најголем пад во текот на јуни од валутите во приказот бележи руската рубља (RUB) изнесувајќи 5,26%, но сепак, следено од почетокот на оваа година има најголем раст со високи 27,06%. На месечно ниво, најмал пад во однос на еврото има швајцарскиот франк (CHF) од 0,16% и се задржа стабилен, со мала позитивна промена во изминатото полугодие за 0,54%. За истиот овој период, останатите валути имаат негативно движење, при што најослабен е американскиот долар (USD) за 12,16%, а веднаш по него следи кинескиот јуан (CNY) со пад од 10,43%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

Лектор: Каролина Накова